Д-р Марија ТАШЕВА

# МАКС ВЕБЕР: ЖИВОТ, ДЕЛО, ПРИДОБИВКИ

Животот е полн со парадокси, а животот на великиот социолог Макс Вебер е најдобрата потврда за тоа. Стремежот за практична активност и немоќта да се соочи со академската кариера, како што ќе забележи Бендикс,[1] е само еден од многуте парадокси кои што го одбележуваат неговиот живот.

Веберовиот истражувачки интерес ги вклучува темите што го обликуваат духовното милје на германското општество од неговото време, втиснати во тоа милје пред се од двајца големи мислители: Маркс и Ниче. Тоа се прашањето на општествената правда, природата на капиталистичката економија, судбината на западната цивилизација, односот меѓу историјата и знаењето, модерноста и нејзините незадоволства. Или, ако сето ова го сумираме во една единствена цел - тогаш таа е разбирањето на современото општество. Вебер, имено, дејствувајќи како научник, вложувал огромни напори да се соочи со парадоксите на современоста. А тие го упатиле на минатото, на историската евиденција во која би можеле да се побараат одговори за она што се случува во современоста. Тој поаѓа од ставот дека разбирањето на современото општество го претпоставува познавањето на неговите минати состојби, зашто општествените појави се вклопени во мрежа на заемнозависности. И, од оваа втурнатост во минатото и преокупираност со сегашноста, Вебер излегува со тезата дека социологијата не е наука која ја краси голема моќ на предвидливост, зашто светот а не општеството е премногу комплексен, мрежата на каузалности премногу густа, за да може да се долови со степен на јасност што дозволува согледување на можните насоки на иднината. Контрадикциите што произлегуваат од оваа многустрана поврзаност и заемнозависност му се откриваат при секој обид за соочување со општествениот свет. Сепак, тој не се откажува целосно од целта за правење претпоставки за иднината.

---

[1] Bendix, Reinhard. 1960. *Max Weber; An Intellectual Portrait.* Garden City, New York: Doubleday&Company, Inc., 29

Всушност, Вебер уште од раната младост покажувал нагласен интерес за историјата. Огромното историско знаење и настојување тоа да го вгради во своите текстови, од него прават, колку социолог, толку историчар на културата, или, како што констатираат повеќе социолози, историчар на културата, кој постепено инклинира кон социологијата (со која претходно не сакал да се поврзе неговото име), за на крајот самиот себе да се дефинира како социолог.

Но, во Веберовата слоевита личност не се конфронтирале само историчарот и социологот, туку и научникот и Германецот, научникот и политичарот, и уште редица други нешта.

Конфронтации го обликуваат неговиот личен живот - ги наоѓаме на секаде: во личноста на таткото, во семејството, кај самиот него. Таткото - исполнет со либерални политички убедувања и спроведувач на автократска дисциплина во сопственото семејство. Семејството - водено од веќе споменатиот татко и мајка исполнета со религиски пиетет. Тој самиот - со исклучителната интелектуална моќ која му ја наметнува целта на универзитетската кариера и психозите кои го оневозможуваат во исполнувањето на должностите што таа ги претпоставува.

Секое негово научно истражување ги доловува конфронтациите на општествениот живот и поттикнува конфронтации во неговата личност.[2]

Вебер ја започнува својата научна дејност со анализата на аграрното општество и стоковната размена, која била заснована на анкетно истражување што го презело Друштвото за социјална политика во 1890. На Вебер му била доверена анализата на прашалниците од германските провинции источно од Елба. Тие му откриле состојби суштествено различни од оние во западните провинции, забележани во контекст на истото анкетно истражување. Во западните провинции, оние со поголема и оние со помала социјална диференцијација, но во секој случај сите со стопанства не толку мали и не толку големи како на истокот (со мала и средна големина), селаните не биле потполно зависни од работата за плата и биле во состојба да остварат полна партиципација во селската заедница. Кај нив, независно од степенот на изграденоста на свеста за себе, не се јавувал проблемот на рабо-

[2] Прво значајно дело на Вебер всушност е неговата докторска дисертација, насловена со *Придонес кон историјата на средновековните бизнис организации* (1889), која претставува научен труд кој што го соочува со општествените и политичките проблеми на аграрното општество во провинциите источно од Елба. Со второто дело - *Римската аграрна историја и нејзината значајност за јавното и приватното право* (1891) тој оди уште поназад во историјата, втурнувајќи се во четивата на Римските автори кои му ги доловуваат општествениот, политичкиот и економскиот развој на римското општество.

тата во актуелноста што ја имал источно од Елба. Во источните провинции, каде и покрај големата локална варијабилност, било можно работната сила да се подвои во две големи категории: наемници на основа на годишен договор и дневни наемници, едните полу закрепостени и полу слободни - израз на односите од минатото и другите кои во доменот на агрокултурата ги манифестираат карактеристиките на работната сила во индустријата, Вебер констатирал истиснување на првата категорија од страна на втората. Но, тој воочил уште нешто што го активирало конфликтот меѓу научникот и Германецот во него. Тоа била конкуренцијата на работниот пазар на која како конкуренти се јавуваат германските и странските (полски и руски) работници: едните со поголеми, а другите со помали побарувања, односно едните, според Германецот во него, културно супериорни, другите, според научникот во него, супериорни во економската борба за опстанок.

Промените во работните односи во аграрните стопанства источно од Елба, Вебер ги протолкувал како симптом на брзата промена на односите во германското општество во целина. Токму затоа заклучил дека проучувањето на аграрното општество претставува чекор кон проучувањето на општествената структура на Германија во периодот кога традиционалните односи, засновани на сталешките привилегии и лојалности им го отстапуваат местото на индустриските, засновани на положбата на работниот пазар.

Комерцијализацијата, која проникнала и во аграрниот домен, придонела за рушење на старите културни вредности, оние на патријархализмот, и креирање на нови - оние на индивидуализмот и самоинтересот кои поттикнеле дилеми и преиспитувања кај сите: селаните, земјишната аристократија, индустриската буржоазија. Во дилемата меѓу положбата на полузакрепостен селанец, која во себе ги сумира безбедноста и ограничените можности за општествена промоција и положбата на работник кој не ужива безбедност но, дава можности да се постигне општествена промоција, Германскиот селанец и дал предност на втората.

Соодветните дилеми на Јункерите уште повеќе го подминирааt поредокот на општеството засновано на традиционалната аграрна економија и ригидната политичка и воена организација. Распрснати низ земјата, гардови на традицијата преку воспоставените односи на доминација и апсолутна покорност, столбови на организацијата преку која се постигнало обединување на Рајхот, кога биле доведени во конкурентски односи со индустриската буржоазија Јункерите го употребуваат своето политичко влијание за заштита од увозот на евтино жито од странство и го зголемуваат сопственото производство, за

кое обезбедуваат високи цени. Оваа нивна акција Вебер ќе ја оцени како заштита на германските национални интереси. Но, тие одат понатаму во нагласувањето на сопствените економски цели со што (повторно според оценката на Вебер) им штетат на оние на националната политика: тие економскиот раст го остваруваат преку увозот на евтина работна сила од странство, односно преку истиснувањето од економскиот пазар на поскапите германски работници. Имено, променетите услови на економскиот пазар ги притискаат Јункерите да го изменат своето економско дејствување, но тие, барем во оној временски пресек во кој Вебер ја прави својата анализа, тоа не го прават на тој начин што одеднаш се трансформираат во рурални капиталисти, туку преку стекнувањето свест за економскиот интерес и истовременото задржување на патријархалната идеологија во која посебно место имаат нивните аристократски привилегии.

Иронијата на ситуацијата ја зголемуваат стремежите на средната буржоазија да го употреби стекнатото материјално богатство за да обезбеди сталешки привилегии и придружните акции на овие стремежи што се отелотворуваат во амалгамизација меѓу земјишната аристократија насочена кон правење пари и капиталистичката средна класа обземена со стремежот за постигнување аристократски престиж.

Студијата за трансформацијата на германското аграрно општество од почетокот на деведесеттите претставува основа за Веберовите анализи на општествената и политичката промена на ова општество се до крајот на неговиот живот.

Соочен со однесувањето на претставниците на различните слоеви на германското општество, Вебер забележува дека процесот на индивидуализација што ги има обземено сите, условува разделување на претходно здружениот општествен и индивидуален интерес. Оттаму и забелешката дека големата улога на Јункерите во остварувањето на германските национални интереси во минатото не бара особена благодарност.

> "Јас сум на мислење, ќе забележи тој, дека големите земјосопственици и служеле на државата во минатото во исто време додека ги следеле сопствените интереси. Верувам дека ова признавање, се додека е добро фундирано, не се однесува на индивидуите, туку на општествената организација чиј дел претставуваат овие индивидуи".[3]

Вебер, имено, станува свесен дека однесувањето на човекот во сферата на економијата не може да биде разбрано само преку

---

[3] Veber, Max, *Protestantska etika i duh kapitalizma*, Sarajevo; Veselin Masleša - Svjetlost, 1989, 182

разбирањето на идеите што го водат економското однесување, туку и со разбирањето на социјалната заснованост на овие идеи. Од друга страна, станува свесен дека процесите на современоста придонесуваат да расте улогата на индивидуалната одлука и оттаму ја зголемуваат личната одговорност на индивидуата. Затоа и неговиот повик за соочување со личната одговорност, проникнат со верата дека човекот е способен за таквото соочување. Еден таков повик сретнуваме и во неговиот говор одржан на Евангелитичко-социјалниот конгрес од 1894:

Ние сакаме да го култивираме и подржуваме она што ни се чини како вредно во човекот: неговата лична одговорност, неговиот базичен импулс кон повисоки нешта, кон спиритуалните и моралните вредности на човештвото, дури и кога овој импулс не конфронтира во својата најпримитивна форма. Се додека тоа е во наша моќ ние сакаме да креираме надворешни околности кои ќе ни помогнат да го сочуваме - во лицето на неизбежната борба за опстанок со нејзиното страдање - најдоброто што е во човекот, оние физички и емоционални квалитети што би сакале да ги сочуваме за нацијата.[4]

Нагласувајќи го значењето како на идеите така и на индивидуалниот интерес, истакнувајќи дека "не идеите, туку материјалните и идеалните интереси, директно управуваат со однесувањето на човекот"[5], Вебер истовремено се спротивставува како на социолозите кои во објаснувањето на економското однесување на човекот ги нагласуваат идеите, така и на оние кои индивидуалниот интерес го извлекуваат од групниот интерес. Тој придонесот и на едните и на другите за објаснувањето на човековата економска акција не го негира, но го оценува како недоволен.

Разбирањето на економското поведение на човекот, односно одгатнувањето на спојката материјални и идеални интереси, е целта на неговото следно значајно дело - Протестантската етика и духот на капитализмот.[6] Во него, во настојувањето својата научна позиција да ја разграничи од онаа на другите, тој ќе истакне:

"Мојата намера, секако не е да ја заменам со едностраната материјалистичка и еднакво едностраната спиритуалистичка каузална

---

[4] Cit. Po: Bendix, Reinhard, *Max Weber*, Garden City, New York: Doubledau & Company, Inc. 1960, 66

[5] Gerth and Mills, *From Max Weber: Essays in Sociology*, New York: Oxford University Press, 1946, 280

[6] Делото првпат е објавено во 1904 и 1905 како серија на есеи. Тоа е увод во следните големи научни преокупации на Вебер: компаративната анализа на градските заедници, на политичката организација, како и компаративното истражување на големите светски религии.

интерпретација на културата и на историјата. Секоја е еднакво можна, но секоја, доколку не служи како подготовка, туку како заклучок на истражувањето, му служи еднакво малку на интересот на историската вистина".[7]

Започнатите проучувања на капиталистичкиот развој преку анализата на бизнис корпорацијата и стоковната размена, Вебер ги дополнува со истражувањето на оние институции родени во општествата на Западот што го сочинуваат комплексниот феномен на западниот капитализам, какви што се урбаните заедници од периодот на антиката и средновековието, развојот на правото и правничката професија, формите на политичка организација, парите и нивната регулација, типовите на економски претпријатија и сл. Тој настојува да ја открие врската меѓу секој од овие феномени со она што го именува со дух на капитализмот.

*Добивајќи доволно информации од емпириската реалност за лоцираноста на капиталистичкиот дух во протестантските заедници, и следејќи ги случувањата од реформацијата наваму, Вебер ќе забележи дека:*

"Реформацијата не значела толку отстранување на црковното владеење со животот колку, напротив, замена на дотогашниот облик на ова владеење со друг, и тоа замена на една многу згодна, тогаш практично малку чувствувано, често само формално владеење со бескрајно досадна и строга реглементација на целиот начин на живот, која во најдалекусежна мера проникнува во сите сфери на домашниот и на јавниот живот ... една до тогаш непозната, пуританска тиранија која (граѓанските средни класи), не само што трпеливо ја поднесувале туку и развиле во нејзина одбрана, едно јунаштво какво што граѓанските класи како такви порано ретко, а подоцна воопшто, не познавале"[8].

Внатрешната блискост меѓу старопротестантскиот дух и модерната капиталистичка култура тој не ја бара во нејзината материјалистичка ориентација, туку во нејзините чисто верски особини, како што тоа пред него го воочил и Монтеские, кога во *духот на законот* забележал дека Англичаните "од сите народи на светот најдалеку отишле во побожноста, трговијата и слободата".[9]

Без да инсистира на каузалност Вебер забележува блискост меѓу динамичната, и кон пазарот ориентирана економија во областите на Западот опфатени со Реформацијата и антитрадиционалниот вредносен систем на Реформацијата кој ги санкционира трудот, штедењето, инвести-

---

[7] Veber, Max, *Protestantska etika i duh kapitalizma,* ... 280

[8] Исто, 8

[9] Cit. Po: Veber, Max, *Protestantska etika...*, 17

циите, претприемништвото и за кого систематското креирање на богатство претставува позив. Оваа нова конфигурација на сили: пазарното стопанство, изделувањето на претпријатието од домаќинството, рационалната организација на формално слободната работна сила, техничките средства на книговодството, рационалната калкулација на профитот како реинвестирање, според неговата оценка условуваат нов, динамичен систем, кој откако еднаш е ставен во движење ќе доведе до трансформација на традиционалните општества во светски размери. Оваа ориентација кон акцијата, или овој етос, и дава посебно обележје на целата западна култура, тоа е нејзиниот посебен рационализам.

Протестантската етика е првото од серијата дела посветени на религиските феномени. На неа се надоврзуваат уште три тома во кои Вебер ги презентира резултатите од своите компаративни истражувања на големите светски религии. Тој настојува да ја открие врската меѓу општеството, религијата и секуларната етика во Индија, Кина и стара Палестина, преку анализата на богат историски материјал. Тој развива посебна концепција на природата на светските историски процеси, односно на универзалната историја, употребувајќи такво богатство на историски материјал какво што не употребил никој друг пред него. Со тоа открива дека неговата поврзаност со Германскиот историцизам е поблиска отколку што може да се заклучи на основа на неговите критики упатени на него, особено од неговото остро спротивставување на идејата дека историскиот процес како таков има внатрешно значење што може да биде откриено преку понепосредно проучување на историските извори. Итовремено открива дека сеуште е повеќе историчар на културата отколку социолог, но дека веќе го прави своето свртување кон социологијата. Имено, за разлика од порано, кога се обидува да даде интерпретација на различните општествени феномени со оглед на нивното "културно значење", тој веќе се соочува со генералните закони и теории на општествената промена.[10]

Веберовиот проект на компаративните истражувања на големите светски религии останал незавршен. Тој не успеал да ја оствари

---

10 Повеќе автори што го анализираат Веберовото дело се согласуваат дека поместувањето на неговиот интерес од историјата кон социологијата започнал да се остварува околу 1908 и бил потполно остварен во 1913. Од тогаш наваму, меѓу другото, тој во своите текстови сѐ повеќе поимот култура го заменува со поимот општество. Сепак Момсен, имајќи ги предвид сите аргументи за таквото поместување изречени од повеќе социолози, ќе опомене дека "не би требало да се оди толку далеку за да се рече дека постои јасна поделба меѓу раниот период на Веберовата научна кариера во која преовладува историскиот пристап, од наговиот подоцен период што е посветен на социолошко истражување..." Mommsen, Wolfgang J. 1974. The Aage of Bureaucracy. Oxford; Basil Blackwell, 3-4

својата намера да ги истражи раното христијанство и исламот. Но, и со она што го направил, тој го поставил едниот столб на кој е втемелена социологијата на религијата (другиот е дело на Емил Диркем). Дека оваа дисциплина на социологијата и го донесува епитетот на "најнерелигиозна од сите науки"[11] секако не се должи на забелешката во врска со неговата сопствена религиозност што ја сретнуваме во неговото писмо до Фердинанд Тенис од 9 февруари 1909, туку на стриктното почитување на начелото на вредносната неутралност во остварувањето на целта да се утврди заемната поврзаност меѓу општествените и религиските феномени.[12]

Анализирајќи го влијанието на религиските идеи врз економското однесување, како и влијанието на материјалните интереси и општествениот углед врз натамошниот развој на овие идеи, Вебер ќе констатира дека општествената акција на човечките единки е условена од материјалните и од идејните интереси. Оттаму и науката, при истражувањето на општествената акција на луѓето, треба да го вклучи субјективното значење што луѓето му го припишуваат на своето однесување. Зашто, секоја акција на луѓето вклучува две ориентации: 1) тие се ориентирани еден кон друг, и 2) тие се ориентирани кон нормите. Тоа се два атрибути на однесувањето кои откриваат како и зошто луѓето заемно дејствуваат и зошто и како тие веруваат во постоењето на морален поредок што им поставува задолженија. Но, истражувањето на овие атрибути, понатаму, ни го открива формирањето на различни типови религиски групи, типови на водство во рамките на секоја религиска заедница, како и типови на интереси и со нив поврзаните типови на доминација. Најпосле, тие го објаснуваат религиозното однесување, кое може да биде засновано на учество и солидарност што нашле експресија во заедничката богослужба, или пак на споделуван интерес во вредностите што ќе бидат реализирани преку заедничката служба, како и на воспоставениот авторитет на свештенството, кој натаму, може да биде условен од нивното религиско иноваторство, но и на констелацијата на интересите на свештенството во однос на мирјанството.

---

[11] Swatos, William H. Jr. and Peter Kivisto. 1991. "Max Weber as "Christian Sociologist". *Journal for Sociological Study of Religion:* 30 (4), 347

[12] Во ова писмо Вебер пишува: "Вистина е дека јас сум апсолутно религиозно немузикален и немам потреба или можност да ги унапредам моите психички можности за религиозен карактер. Сепак, самоегзаминацијата ми има кажано дека не сум ниту антирелигиозен ниту нерелигиозен". Неговата сопруга Маријана Вебер на ова додава дека нејзиниот сопруг секогаш покажувал длабоко почитување кон Библијата и изворната христијанска религиозност. Цит по: Swatos, William H. Jr and Peter Kivisto, цит. дело

Компаративните истражувања на големите светски религии, уште повеќе од истражувањата на структурата на германското општество, го фокусираат интересот на Вебер кон најзначајната тема на неговата научна дејност: доминацијата. Од различните извори на доминација тој особено внимание ќе им посвети на два: 1) моќта што произлегува од констелацијата на интереси што се рзвиваат на слободниот пазар и 2) моќта што произлегува од воспоставениот авторитет кој ги распределува, правото да се владее и должноста да се покорува.

Гигантското дело *Стопанство и општество*, центрирано околу темата на доминацијата, кое го работел и преработувал до крајот на животот, оставајќи го незавршено во 1920-та, кога на 56 годишна возраст и подлегнал на пнеумонијата, исто како и претходните дела е темелено на историска евиденција. Но во него тој ја употребува историската евиденција за социолошки цели, разграничувајќи ги самиот историското и социолошкото преку односот кон концептите на идеалниот тип. Имено, социологот, како што самиот забележува, не само што употребува концепти на идеални типови како што тоа го прави историчарот, туку настојува да ја демонстрира културната значајност на таквите концепти преку нивното поврзување со секвенцата на "адекватната каузација" на минатата историја.[13]

Вебер веќе го има развиено методот на идеалниот тип на кого работи од почетокот на својата научна дејност, односно комплексот на идеално-типски концепти кои се: а) применливи на општествената реалност, било сегашна или мината и б) кои се употребливи во објаснувањето на било која посебна општествена акција, не само во светлото на она што овие акции значат за конкретните индивидуи вовлечени во нив, туку и од стојалиштето на било кој што се труди кон рационална ориентација поврзана со даден сет на фундаментални убедувања и вредности. Ова, според Вебер, може да се оствари преку компаративна анализа на општествените и културните феномени низ минатата човечка историја со посебно внимание кое му се дава на нивното посебно културно значење за современото западно општество.

Во првите текстови од првата верзија на *Стопанство и општество*[14] идеалниот тип е употребен како методолошки инструментариум за социолошко истражување. Но, од 1913 година натаму тој преста-

---

[13] Цит. По: Mommsen, Wolfgang J, *The Age of Bureaucracy,* 5

[14] Момсен, кој претпоставува дека прв текст од *Стопанство и општество* е *Градот*, веројатно пишуван во 1911, ќе забележи дека во него е даден најнапреднат пример на апликација на методот на идеалниот тип на историски објекти. Исто, 13

нува да биде тоа - тој самиот станува цел на истражувањето. Вебер, имено си поставува за цел да развие систем на идеални типови кои ќе се применуваат на емпириската реалност. Истражувањето на доминацијата и во овој контекст трите типови на доминација: традиционалниот, харизматскиот и легалниот, најдобро го отсликуваат ова поместување на целта. Во првата верзија на делото тој воведува огромно мноштво на историска материја за да ја потврди претпоставката дека постои специфичен тренд во историската реалност кој се движи од развој на харизматски кон традиционален и од овој кон бирократски тип на доминација. Во последната верзија тој повеќе нема намера да докажува дека трichленaта типологија е рефлексија на историската реалност, во неа историскиот материјал е употребен само како илустрација. Имено, во неа тој го докажува ставот дека одредените примероци на однесување на групите и индивидуите можат да се сретнат во најразлични историски контексти. Со тоа тој ја определува и генералната цел на социологијата како наука: таа треба да ги формулира типовите на концепти и општите правила на општествените процеси. Формулацијата на социолошки концепти и трагањето по социолошки правила, понатаму, треба да помогне во утврдувањето на каузални односи.

Еволуирајќи од историчар на културата кон социолог, Вебер ја ублажува скепсата во однос на можностите за предвидување во општествениот свет. Неговиот идеален тип на бирократијата, во оваа смисла, е граден со намера да ги потцрта оние елементи кои нему му се чинат посебно значајни во однос на идните насоки на индивидуалистичките, либерални општества на Западот.

Универзалната бирократизација според него е симбол ма културната трансформација на западните општества. Како тип на рационална организација, бирократизацијата придонесува за успешното функционирање на сите домени од општеството и за темпото на нивниот развој невиден до нејзиното сеопшто воспоставување. Но, овој развој, како свој нузпродукт го носи и сеопштиот деспотизам, заробувањето на човекот од огромната организациска машинерија што се ослободува од неговата контрола и се претвара во негов кавез. И, свртен кон иднината, нему не му останува друго освен да го парафразира Ниче:

> "Никој не знае кој ќе живее во овој кафез на иднината, дали на крајот на овој страотен развој ќе се појават сосема нови пророци, или ќе има големо повторно раѓање на старите идеи и идеали, или ниту едното ниту другото, механизирано окаменување украсено со вид на грчевита самозначајност.

Што се однесува до последниов чекор на овој културен развој, можеби единствено исправно е да се каже: 'Специјалисти без дух, сензуалисти без срце'; оваа ништожност си вообразува дека ќе достигне ниво на цивилизација што порано никогаш не била постигната."[15]

### *Придобивки*

Макс Вебер не оформил своја школа како што тоа го направил Диркем. Неговото најзначајно дело *Стопанство и општество* останало незавршено. Било објавено постхумно и поминало подолго време додека се разбудил интересот на научната јавност. Но, откога го откриле Парсонс и Шуц и откако се покажало дека тоа може да понуди решенија за конструирањето на толку различни теории какви што се структурниот функционализам и феноменологијата, во него почнале да бараат инспирација скоро сите: го наоѓаме во расправите за рационализацијата и односот меѓу идеите и материјалните интереси на франкфуртовците, во елитистичките пораки на Михелс, во постструктуралистичките трагања на Фуко по феноменот на доминацијата во современите општества. И понатаму, тоа претставува основа за објаснување на цела редица феномени кои ја физиономираат современата цивилизација, какви што се етничките феномени, религиските движења, институционалната промена, економската и политичката трансформација, односот меѓу државата и цивилното општество, процесите на глобализација и т н.

Во трагањето по основите на оваа севлијателност би можеле да го посочиме единствено нивото на универзалноста на пораките што тоа ги емитува. Вебер во своето дело ја вградил телеолошката димензија која и ја поставува како должност на современата наука:

"Судбина на епохата што јаде од дрвото на знаењето е да мора да знае дека не можеме да го научиме значењето на светот од резултатите на неговата анализа, колку и да е таа совршена; таа треба да биде во положба самата да го креира ова значење. Таа мора да сфати дека светогледот никогаш не може да биде продукт на напредното емпириско знаење, и дека дури и највозвишените идеали, што не движат најмоќно, се оформени за сите времиња само во борбата со други идеали кои им се исто толку свети на другите колку што ни се свети нашите."[16]

---

[15] Weber, Max, Protestantska etika i duh kapitalizma,180

[16] Цит. По: Stones, Rob (ed.). 1998. Key Sociological Thinkers, New York: New York University Press, 39